# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ“ - ПРАКТИКУМ ОД АВТОРИТЕ М-Р НАТАША МИТЕВА И Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2102-506/9 од 178. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 1.11.2017 г., избрани сме за рецензенти за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „Менаџмент на човечки ресурси“ (практкум) од асистент-докторанд м-р Наташа Митева и вонреден професор д-р Елизабета Митрева, наменет за студентите од прв циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот и содржината на трудот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Материјалот во трудот е поделен на 10 тематски поглавја, односно 10 вежби и истиот е предвиден за вежби на студентите. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Менаџмент на човечки ресурси, односно насоките Бизнис администрација и Бизнис логистиката како задолжителен предмет во VII семестар / IV година, на насоката Гастрономија, исхрана и диететика како задолжителен предмет во V семестар / III година, на насоката Туризам како задолжителен предмет во VII семестар / IV година, и на насоката Хотелско-ресторанска како изборен предмет во V семестар / III година. Овој ракопис нуди практични базични знаења по предметот Менаџмент на човечки ресурси.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот на практикумот „Менаџмент на човечки ресурси“ се состои од 30 страници и е систематизиран во 10 тематски поглавја. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial со големина на буквите 11.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Практикумот претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите да го совладаат материјалот по предметот Менаџмент на човечки ресурси. Ваков тип на практикум од областа на менаџмент на човечки ресурси за првпат се објавува на Факултет за туризам и бизнис логистика и заради тоа го прави значаен за студентите кои го слушаат истоимениот предмет.

**Краток опис на содржината**

Вежбите се дефинирани со цел полесно совладување на материјата и адекватна примена на теоретското знаење во анализа на реални ситуации за проблематики поврзани со менаџментот на човечки ресурси. Во секоја вежба е посочена областа во која студентите треба да имаат стекнато знаење преку разработка на материјалот опфатен во скриптата „Менаџмент на човечки ресурси“. Секоја вежба содржи прашања за повторување со цел

поттикнување дискусија за време на вежбите, каде што се очекува активно учество на студентите. Дополнително, вежбите содржат реални ситуации со проблематики поврзани со менаџментот на човечки ресурси во кои се бара аргументирање од студентите со цел оформување на личен став.

Вежба 1 посочува прашања за совладување на основните концепти на *менаџмент на човечки ресурси* и реална ситуација која бара аргументирање од студентите.

Вежба 2 се однесува на *стратешко управување со човечки ресурси* и вклучува реална ситуација и интернет извори кои можат да помогнат за решавање на истата.

Третата вежба вклучува реална ситуација поврзана со *диверзитет и еднакви можности за вработување*.

Четвртата вежба содржи опфаќа реална ситуација од областа на *работни места и анализа на работно место*, за чие совладување се потребни познавања за изготвување опис на работно место.

Вежба 5 вклучува ситуациска анализа од процесот на *регрутирање*, кој е од голема важност при привлекувањето на соодветните потенцијални кандидати за одредено работно место.

Вежба 6, насловена како *Селекција*, е всушност следниот чекор при избор на кандидат за одредено работно место и вклучува реална ситуација од истата област. За решавање на вежбата е потребно да се совладаат тестирањата кои се спроведуваат при процесот на селекција.

Седмата вежба се однесува на процесот *обука*, која вклучува студија на случај од истата област и реална ситуација која бара аргументирање од студентите.

Осмата вежба се однесува на областа *управување и развој на таленти* и вклучува реална ситуација во која од студентот се бара аргументирање согласно со доделената улога.

Деветтата вежба вклучува изработка на извештај за реална ситуација од областа на *управување и оценување на перформансите во работењето*, за кој е потребно познавање на постапките и алатките за оценување на перформанси.

За решавање на вежба 10 е потребно да се совлада материјалот за *вкупни награди и надоместоци*. Во вежбата е вклучена реална ситуација за чијашто изработка е потребно познавање на системот за пресметка на основна плата.

Практикумот е напишан на ниво разбирливо за студентите по предметот Менаџмент на човечки ресурси, но и за сите кои имаат потреба од доедукација од оваа област. Материјалот е пишуван на македонски јазик и може да го користат и студенти од други единици на Универзитет „Гоце Делчев“, каде што се изучува или во иднина ќе се изучува предметот. По својот обем и содржина, како и според бројот на часови за гореспоменатиот предмет, ракописот ги задоволува критериумите и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека приложениот ракопис за практикум по предметот Менаџмент на човечки ресурси на мошне јасен и едноставен јазик ги дополнува и збогатува предметните содржини. Истиот е потполно во согласност со Студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Практикумот е особено важен и неопходен за студентите кои го изучуваат предметот Менаџмент на човечки ресурси за полесно практично совладување на наставните содржини по наведениот предмет. Вежбите кои се предмет на анализа се јасни, содржински конзистентни и соодветствуваат на теоретските прашања за чиешто практицирање се предвидени. Дополнително, истите се базираат на начин во иднина читателот лесно да ги препознае сличните ситуации во практиката и на лесен начин да го утврди своето познавање од теоријата. Концизното и експлицитното презентирање на проблематиката од оваа област дава можност за користење на овој материјал не само за студентите, туку и пошироко.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „Менаџмент на човечки ресурси“ од авторите м-р Наташа Митева и д-р Елизабета Митрева да го прифати како практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Зоран Темелков, доцент, с.р.**
**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, доцент, с.р.**